РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
MINISTRIA E MBROJTJES
Бр.-Nr. 01-2033/2
01-09-2026 20
Скопје-Shkup

Врз основа на член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19, 110/19 и 121/24) и член 20 став 1 точка 11 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија" бр.42/01, 5/03, 58/06, 110/08 51/11, 151/11 и 215/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20), а во врска со одлуката за определување на корисници на службен мобилен телефон и начинот на надоместување на месечниот трошок за користење („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.75/23), министерот за одбрана донесе:

# ПРАВИЛНИК

## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА КОРИСТЕЊЕ НА УСЛУГИ ВО МОБИЛНАТА ТЕЛЕФОНИЈА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА

### Член 1

Со овие измени се прави дополнување и измена во Правилникот за начинот на користење на услуги во мобилната телефонија во Министерството за одбрана бр.01-3275/1 од 14.09.2023 година и Правилникот за изменување и дополнување на правилникот за начинот на користење на услуги во мобилната телефонија во Министерството за одбрана бр.01-2033/1 од 30.06.2026 година.

### Член 2

Во член 1 од Правилникот за начинот на користење на услуги во мобилната телефонија во Министерството за одбрана бр.01-3275/1 од 14.09.2023 година и Правилникот за изменување и дополнување на правилникот за начинот на користење на услуги во мобилната телефонија во Министерството за одбрана бр.01-2033/1 од 30.06.2026 година, се додава терминот субвенционирани службни електрични уреди, а секаде пред терминот службени мобилни телефонски апарати се додава терминот субвенционирани службени мобилни телефонски апарати, додека изразот субвенционирани се додава и употребува во останатите членови секаде пред изразот службени мобилни телефонски апарати и истите гласат субвенционирани службени електрични уреди и субвенционирани службени мобилни телефонски апарати.

Член 3

Во член 2 од Правилникот за начинот на користење на услуги во мобилната телефонија во Министерството за одбрана во четвртиот став кој гласи точка а) која гласи прва категорија –министер, се додаваат зборовите заменик на министерот и државен секретар, и истата ќе гласи

а) прва категорија:

-министер,

-заменик министер,

-државен секретар.

Во член 2 точка б- која гласи втора категорија се изменува и истиот ќе гласи:

-посебни советници,

-кабинетски службеници,

-Б - категорија раководни службеници .

Член 4

Во член 11 став 1 точка 1 кај зборовите прва категорија субвенционирани службени мобилни телефонски апарати се додава и субвенционирани службени електрични уреди наменети за функционери и раководни службеници кои се распоредени на функции министер, покрај министер се додаваат и , „заменик министер и државен секретар„.

Во истиот член 11 точка 2 кај втора категорија субвенционирани службени мобилни телефонски апарати – наменети за вработени кои се распоредени на работни места – посебни советници, кабинетски службеници се додаваат зборовите Б-категорија раководни службеници.

Член 5

Овие измени на правилникот влегуваат во сила со денот на донесувањето.

МИНИСТЕР ЗА ОДБРАНА

Владо Мисајловски

Изработил: Тони Георгиев
Контролирал: Ивица Вељановски
Одобриле: Миле Стојковски/Милан Андоновски
Согласен: Елизабета Чуповска Ристова